# ПРИКАЗИ – КРИТИКИ

## ДИМИТАР ДИМЕСКИ, „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ", СКОПЈЕ, 1992, 192

Неодамна, во издане на издавачката куќа „Студентски збор" од Скопје, излезе од печат книгата „Гоце Делчев" од проф. д-р Димитар Димески.

Книгата „Гоце Делчев" од д-р Димитар Димески всушност е една научна синтеза за животот и делото на големиот кукушанец.

Авторот големиот македонски револуционер, „душата на Македонската револуционерна организација", го гледа и претставува во рамките на соодветниот историски простор: од каде Гоце потекнува (Корени), расте (Растеж), интелектуално се развива и афирмира како македонски револуционер (Виорни години), се до неговата смрт (Епилог).

Со присуство на историска логика и со интимно познавање на соодветната историска проблематика, авторот успева да ја објективизира историската улога на Гоце Делчев во рамките на Македонската револуционерна ограниизација, да ни го престави Гоце како човек и революционер.

Историската нарација е едноставна и убедлива. Јазикот е исто така едноставен, не бароцизиран, и секој збор си го оправдува своето постоење. Историската нарација строго ја контролира јазичната нарација и не и дозволува девијација или девалвација на пишуваниот збор.

Трудот е пишуван врз основа на една богата историска литература (македонска и странска), со што делото добива во тежина и квалитет. Доволно е само да споменеме дека еден труд од 192 стр. има 860 белешки.

Научна акрибија е исто така присутна, книгата е облагородена со повеќе фотографии на личности, а содржи и кратко резиме на англиски јазик.

На крајот можеме да заклучиме дека проф. д-р Димитар Димсеки ни понуди една кратка, но досега речиси најуспешна кратка биографија за животот и делото на Гоце Делчев.

Скопје, 19.01.1994 Д-р Стојан КИСЕЛИНОВСКИ